Уп. бр. 08-44

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвата „ХЕЛИКС“ Бетајлигунгс ГмбХ со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1 1020 Виена, Австрија и АГРАНА Сејлс и Маркетинг ГмбХ со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1, А-1020 Виена, Австрија, доставено преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 29.03.2023 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на „ХЕЛИКС“ Бетајлигунгс ГмбХ со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1 1020 Виена, Австрија и АГРАНА Сејлс и Маркетинг ГмбХ со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1, А-1020 Виена, Австрија над Бета Пура ГмБХ, Австрија со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1 1020 Виена, Австрија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 01.03.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвата „ХЕЛИКС“ Бетајлигунгс ГмбХ со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1 1020 Виена, Австрија и АГРАНА Сејлс и Маркетинг ГмбХ со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1, А-1020 Виена, Австрија, со кое „ХЕЛИКС“ Бетајлигунгс ГмбХ и АГРАНА Сејлс и Маркетинг ГмбХ ќе стекнат заедничка контрола над Бета Пура ГмБХ, Австрија со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1 1020 Виена, Австрија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-ХЕЛИКС“ Бетајлигунгс ГмбХ, Австрија** е зависно друштво во целосна сопственост на Рајфајзенландесбанк Нидеруштерајх-Виен, со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1 1020 Виена, Австрија, Рајфајзенландесбанк Нидеруштерајх-Виен е австриска комерцијална банка, основана во 1898 година и со седиште во Виена. Дел е од австриската Рајфајзен банкарска групација и централна институција за Рајфајзен кооперативните банки во регионот на долна Австрија.

Рајфајзенландесбанк Нидеруштерајх-Виен групацијата нема под контрола зависни друштва и нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија.

**-АГРАНА Сејлс и Маркетинг ГмбХ** е дел од АГРАНА групацијата, која е поделена на три сегмени на работење: шеќер, скроб и овошје. АГРАНА Цукер ГмбХ, сестринска компанија на **АГРАНА Сејлс и Маркетинг ГмбХ** , управува со сегментот – шеќер, односно со девет постројки за производство во пет држави членки на ЕУ (седум фаврики за шеќерна репка, една рафинерија за суров шеќер и една фабрика за готови производи), како и фабрика (заедничко вложување) во Босна и Херцеговина.

АГРАНА групацијата има едно регистрирано зависно друштво во Северна Македонија (во сопственост на АГРАНА Студен заедничкото вложување) - **Друштво за трговија на големо АГРАГОЛД ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на Качанички пат бр.168-Инд.зона/Визбегово, Бутел, Република Северна Македонија во кое АГРАНА групацијата поседува 50% од уделите. **АГРАГОЛД ДООЕЛ Скопје е активна во дистрибуција на шеќер.**

- Во однос на управувањето и градењето на фабрика за кристализација на бетаин **Бета Пура ГмБХ, Австрија** е под заедничка контрола на АГРАНА Сејлс и Маркетинг ГмбХ и Амалгамејтед Шугар Компани, САД, со седиште на 1951 С.Сатурн Веј, Суит 100, Боас, Ајдахо 83709, САД. Фабриката управувана од Бета Пура ГмБХ, Австрија е изградена на земјиште во сопственост на фабриката за шеќер на АГРАНА во Тулн, Австрија. Во оваа фабрика Бета Пура ГмБХ, Австрија преработува природен течен бетаин (познат и како меласа без шеќер или бетаин меласа), кој го има набавено од неговите моментални владејачки друштва АГРАНА и Амалгамејтед Шугар Компани, САД, во кристален бетаин (дехидриран бетаин) и ниспродукти како што се течна бетаин меласа, мешавина од аминокиселини и мешавина од супстанци задржани на филтер. (Природен) кристален бетаин се користи во добиточна храна, ѓубрива, човечка исхрана и козметика.

Бета Пура ГмБХ нема зависни друштва во Северна Македонија, и не остварил било каков приход во Република Северна Македонија во 2021 година преку продажбата на бетаин.

Релевантниот пазар на стоки за предложената концентрација може да биде дефиниран како пазар за продажба на бетаин.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став

(1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**